ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ Бр. 2
Примено: 07-06-2023

| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 02 | 4594/1 | | |

До

ТТК Банка АД Скопје
ул.Народен фронт бр.19/а
1000 Скопје

-Управен одбор
-Собрание на акционери

/за 40-то Собрание на акционери/

Предмет: Достава на предлог за дополнување на Дневниот ред и вклучување на нова точка на закажано Собрание на акционери на ТТК Банка АД Скопје

Во врска со јавниот повик за свикување на 40-то Собрание на акционери на ТТК Банка АД Скопје објавен на 01.06.2023 година, а во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва, акционерите Томе Волкановски од Скопје со адреса на живеење на ул. „Дебарца“ бр. 27. Бобан Гоговски од Тетово со адреса на живеење на ул. „Борис Кидрич“ бр. 3, Драгољуб Арсовски од Скопје, со адреса на живеење на ул. „Јордан Мијалков“ бр. 44/2-5 и Друштво за финансиски консталтинг СЕЗАМ КАПИТАЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на булевар „Јане Сандански“ бр. 39-2/1, кои вкупно поседуваат над 5% од вкупниот број на акции со право на глас на ТТК Банка АД Скопје поднесуваат предлог за дополнување на Дневниот ред и вклучување на нова точка на закажаното Собрание на акционери.

Со овој допис се предлага по третата точка од Дневниот ред истиот да се дополни со нова четврта точка која гласи:

Разгледување на Предлог – одлука за исплата на парични средства по основ на награда.

Кон овој допис се доставува Предлог – одлука со дадено образложение и се предлага истата да биде ставена на Дневен ред на закажаното Собранието на акционери на ТТК Банка АД Скопје.

Томе Волкановски

__________________

Бобан Гоговки

__________________

Д-р Драгољуб Арсовски

__________________

Друштво за финансиски консалтинг
СЕЗАМ КАПИТАЛ

__________________

Друштво за финансиски консалтинг СЕЗАМ КАПИТАЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 10 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на ден 4.7.2023 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за одобрување на исплата на парични средства по основ на награда

**Член 1**

На Борислав Трповски, поранешен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје, му се одобрува исплата на парични средства во нето-износ од 540.000 денари, по основ на награда за неговиот 30-годишен ангажман во Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје и во нејзините правни претходници и за неговиот позитивен придонес за развојот на Банката во стабилен правен субјект во банкарскиот систем на Република Северна Македонија.

Во согласност со законските прописи, на наведениот износ Банката треба да плати данок на личен доход.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Собрание на акционери**
**Претседавач**

__________________________

**О б р а з л о ж е н и е**
**Кон Предлог – одлуката за одобрување на исплата на парични средства по основ на награда**

На 14.2.2023 година, Борислав Трповски, до Собранието на акционери на Банката, поднесе писмена оставка од функцијата член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје.

Со влегувањето во сила на поднесената писмена оставка на ден 20.4.2023 година, на Борислав Трповски му престана членството во Надзорниот одбор на Банката, каде што беше член од 1993 година, кога и се основани правните претходници на Банката.

Во текот на 30-годишното членство во Надзорниот одбор на Банката и во нејзините правни претходници, Борислав Трповски, со неговиот професионален, стручен и активен ангажман, даде значаен позитивен придонес во изградба на стабилен правен субјект во банкарскиот систем во Република Северна Македонија, со модерно корпоративно управување.

Од овие причини се предлага Собранието на акционери ја усвои предложената одлука.